РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-2116/1
02-06-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 32-та седница одржана на ден 22.05.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 12-812/1 од 19.02.2025 година, оформен по пријава со наводи за сомневање за незаконитости во извршување на договорот за јавна набавка за изведување на работи за реконструкција и рехабилитација на улици и патишта во с.------------ и с.----------- во Општина ------------------ и неправилности во постапката за изградбата на асфалтна база во Индустриската зона во -----------------, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај.
Со оглед дека пријавените наводи се од поширок јавен интерес и се однесуваат на работи за кои се потрошени буџетски општински средства во поголема вредност, ДКСК одлучи предметот со целокупната прибавена документација да ја достави до друг надлежен орган -Јавното обвинителство на Р.Северна Македонија.

Предметот со број 12-812/1 од 19.02.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

ДКСК постапува по предмет со број 12-812/1 од 19.02.2025 година оформен по пријава со наводи за сомневање за незаконитости во извршување на договорот за јавна набавка за изведување на работи за реконструкција и рехабилитација на улици и патишта во с.--------- и с.---------- во Општина ----------------, како и неправилности во постапката за изградбата на асфалтна база во Индустриската зона во --------------.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Со цел утврдување на фактичка состојба во предметниот случај, ДКСК достави Барање за доставување на информации до Општина --------------, Министерството за животна средина и просторно планирање и Бирото за јавни набавки заради обезбедување на пристап во ЕСЈН, по што се извршени проверки во ЕСЈН по однос на предметната јавна набавка.

На 14.04.2025 година, Општина ---------------- достави одговор со прилог документација до ДКСК и по разгледување на истата, утврдена е следната фактичка состојба:

Во конкретниот случај станува збор за постапка за јавна набавка на работи за рехабилитација на улици во село ----------- и реконструкција на улици во село ----------, Општина ------------, за што е изготвена техничка спецификација заведена под бр.---------/- од 07.07.2023 година и објавен е оглас со бр.---------/2023 преку Електронскиот систем за јавни набавки. По јавниот оглас биле поднесени две понуди и тоа: понуда од ДГПТУ --------- Дооел Скопје и ДПТУГ ------------- Дооел Скопје.
На ден 24.07.2023 година, Комисијата за јавна набавка извршила евалуација на доставените понуди, при што не ја прифатила понудата на ДГПТУ -------- Дооел Скопје поради недоставена комплетна техничка документација согласно техничките барања од техничките спецификации. По извршената евалуација на понудите донесена е Одлука за избор на најповолна понуда и на 31.08.2023 година е склучен Договор за јавната набавка помеѓу Општина ------------ и ДПТУГ ---------- Дооел Скопје. Во оваа постапка не биле користени правни лекови од економскиот оператор, чиј понуда не била прифатена во фазата на евалуација на понудите.
За реконструкацијата на посочените улици биле изготвени два проекти од различни проектанти (набавка, транспорт и машинско вградување и збивање на носив азбечки слој и изработка на банкини). Во прибавената документација се приложени извештаи од правни субјекти – лиценцирани лаборатории кои вршеле испитувања на проби од вграден асфалт на објекти – улици кои биле предмет на оваа јавна набавка.
Во врска со реализацијата на Договорот бил изготвен Извештај за извршување на рехабилитација на улици во с.------------, врз основа на пристигната документација за исплата (градежен дневник, градежна книга со соодветни доказници и ситуации) и извршена исплата во вкупен износ од 22.290.474,00 денари, заклучно со 17.04.2024 година.

По разгледување на прибавената документација од општината, ДКСК констатира дека носителот на набавката ДПТУГ ------------ Дооел Скопје ги извршил работите што се предмет на јавната набавка и по негово барање биле извршени испитувања на проби од вграден асфалт на објекти – улици кои биле предмет на оваа јавна набавка, што се потврдува со приложените извештаи од овластени правни субјекти. Во однос на пријавените наводи во делот на квалитетот на извршените работи што се предмет на

постапката за јавна набавка, (реконструкција на посочените улици со поставување на нов асфалт и поставување на банкини во посочените улици) дали се во согласност со барањата утврдени со техничката спецификација и тендерската документација на оваа јавна набавка, ДКСК не располага со доволно алатки за проверка на истите.

2. Во однос на наводите за сомневање за незаконитости во постапката за изградба на асфалтната база во Индустриската зона -----------, Општина -------------, по разгледување на доставената документација ДКСК ја утврди следната фактичка состојба:
До Општина ------------ е доставено Известување за намера за спроведување на Проект за воспоставување на асфалтна база, на КП -------/1, КО -----------, поднесен од ДПТУГ ----------- Дооел експорт-импорт Скопје.
Министерството за животна средина и просторно планирање, односно Управата за животна средина, на 31.08.2023 година издала Мислење со бр.-----------/---, со кое го упатило инвеститорот ДПТУГ ------------ ДООЕЛ Скопје, согласно член 24 од Законот за заштита на животната средина, да изготви Елаборат за заштита на животна средина за изведба на Проектот - Изградба на асфалтна база во Општина ----------------.
На 24.11.2023 година, правниот субјект ДПТУ ----------- ДООЕЛ Скопје по изготвување на Елаборатот до Општина ---------- доставил Барање за издавање на Одобрение за градење на Асфалтна база на КП --------/1 КО ------- – --------, Општина -----------, кон кое приложил Основен проект за Асфалтна База со тех.број -------/---- од 07.2023 година.
Општина ------------ издала Одобрение за градење со УП1 бр.-------- од 28.03.2024 година, на правниот субјект ДПТУГ --------- ДООЕЛ Скопје, кое станало правосилно од 17.07.2024 година.
Во прибавената документација, доставени се документи - петиции од жители во предметното населено место кои организирале протести и блокади со барање да се преиспита Елаборат за заштита на животна средина, за изведба на Проектот - Изградба на асфалтна база издаден на правниот субјект ДПТУГ ---------- ДООЕЛ Скопје, поради сомневање дека материјалот кој ќе се користи за производство на асфалтот има канцерогени својства и штетно ќе влијае на здравјето на граѓаните во оваа општина. Воедно, од објава во медиумите добиено е сознание дека Владата на РСМ ја поништила одлуката за изградба на асфалтна база во Индустриската зона --------------.

Во однос на наводите кои се однесуваат на изградбата на асфалтната база во Индустриската зона --------------- заради производство на асфалт во истата општина, ДКСК утврди дека пријавените наводи за се од однесуваат на поширок јавен интерес, и за произнесување по истата потребно е стручно мислење од областа на градежништвото и архитектурата и заштита на животната средина, кое би било дел од постапувањето на друг надлежен орган.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

По разгледување на наводите во пријавата, ДКСК согледа дека во предметниот случај се посочени повеќе ризици и неправилности поврзани со реконструкција и рехабилитација на улици и патишта во с.----------- и с.---------- во Општина ------------------, како и изградбата на асфалтна база во Индустриската зона во -------------, а кои се однесуваат на лош квалитет на асфалтот и истиот е подстандардите на долготрајност, сомневање за постоење на технички нерегуларности при самиот процес на изградба и проширување на патните правци, ризикот за загадување на животната средина и загрозување на здравјето на населението со токсични емисии, како и долгорочен ризик од брзо пропаѓање на новиот асфалт поради слабиот квалитет.

Со оглед на фактот дека пријавените наводи се од поширок јавен интерес и се однесуваат на работи за кои се потрошени буџетски општински средства во поголема вредност, како и фактот дека правниот субјект – носител на набавката истовремено се појавува и како инвеститор на проектот – поставување асфалтна база „-------------“ во Општина -----------, а имајќи во предвид дека ДКСК не располага со доволно алатки за проверка на истите, одлучи предметот со целокупната прибавена документација да ја достави до друг надлежен орган - Јавното обвинителство на Р.Северна Македонија.
Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување по предметот и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: m-r S.D., Член /Anëtar

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut